МЕДИУМ
весник за сите средношколци
Петок, 1.06.2018; година V; бр. 39
www.medium.edu.mk

# Избрани најдобрите медиумски производи на „Изрази се преку медиумите“



Фото: Маја Јаневска-Илиева

стр.4-5



ФАЦА НА МЕСЕЦОТ: БЕНИ ШАЌИРИ

## Успехот следува по напорна работа

стр. 3



ТЕМА ЗА ДИЛЕМА

## „Орце“ со највисок просек оценки

стр. 6



ЈАС МИСЛАМ ВАКА

## Сакам образование што ќе направи доблесни луѓе

стр. 7

ВИСОКА ШКОЛА ЗА НОВИНАРСТВО И ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА
НОВА МАКЕДОНИЈА
СРЕДНОШКОЛСКИОТ ВЕСНИК „МЕДИУМ“ Е ВО РАМКИ НА ПРОЕКТОТ **„МАКЕДОНСКА КОАЛИЦИЈА ЗА МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ“**
**ПРОЕКТОТ Е ФИНАНСИРАН ОД ЕВРОПСКАТА УНИЈА**

## ВОВЕДНИК



Ане Јосифовска, професорка по македонски јазик и литература во СУГС „Зеф Љуш Марку“, Скопје

# Да - за медиумската писменост во образованието

Живееме во нова епоха на мултипликација на медиумите во која секој дава различна дефиниција за поимот МЕДИУМ и МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ. Според некои, медиум е сè она што ни пренесува некоја порака или информација, на пример, тоа може да биде чаша со апликација, маичка со каков било натпис, а други, пак, под медиум го подразбираат ТВ-приемникот, паметниот мобилен телефон, весник, списание или некој билборд. Оттука произлегуваат и се поставуваат други прашања: Дали медиумите се застапени во образовниот процес? Дали учениците се медиумски писмени за да ја дадат вистинската дефиниција за тоа што е медиум?

Сигурно не, зашто денес секој различно го доживува развојот на интернет-општеството, секој различно ја сфаќа информацијата што ќе ја прочита, па дури таа различно влијае кај секој поединец. Дури и Моцарт кога би го прашале дали,,турбо-фолк“ е музика, сигурно би рекол дека тоа е кич, но за некого тој вид музика е негово осознавање, начин на уживање.

Сите овие прашања и недовршени одговори се резултат на една работилница што неодамна се реализира од страна на Високата школа за новинарство во соработка со весникот,,Нова Македонија“ и ученици од СУГС,,Зеф Љуш Марку“ во Скопје. Да, учениците се медиумски писмени и сакаат да учествуваат во вакви и слични проекти каде што ќе ја покажат и докажат својата инвентивност. Најчест одговор меѓу нив за медиум и медиумска писменост се социјалните мрежи кои се нивно нераскинливо секојдневие, а кои, всушност, се нова идеологија со свои позитивни и негативни страни. Но ученикот е тој што треба да пресуди дали е тоа така и да ги извлече позитивните придобивки. Живеејќи во демократско општество, секој се соочува со разни дезинформации кои ги сервираат токму социјалните мрежи, каде што преку говорот на омраза се пропагира за да се истакне нечие его. Но токму преку социјалните мрежи соработуваме за одредени задолженија каде што треба да истражуваат и да даваат свој личен став. Во тој случај, ангажираноста на учениците е голема, а соработката со наставникот успешна.

Токму поради тоа на многу од нас ни пречи употребата на мобилните апарати за време на образовниот процес. Донекаде и со право. Ученикот бара нешто ново, бара да истражува за да ја покаже својата инвентивност. Но како со застарени програми и учебници кои не се во сообразност со неговиот интерес? Наместо да ги забраниме социјалните медиуми, училиштата треба да ги вклучат истите во наставниот процес така што учениците медиумски ќе се описменат во позитивна смисла. Образованието не е само учење од учебник. Тоа може да се поврзе со различни организации кои ќе се вклопат во наставниот процес преку истражувањата на учениците, да соработуваат со некој електронски или печатен медиум, каде што ќе можат да го изнесат својот личен став за каква било тема, а сепак да е образовна.

# Промовирана „Стратегијата за образование за 2018-2025 година“



Министерството за образование и наука (МОН), на 21 април го промовираше сеопфатниот проект „Стратегија за образование за 2018-2015 година“ што Владата го усвои заедно со акцискиот план во јануари. „Кога тргнавме да го заокружиме овој документ, имавме голема визија пред нас - да ги утврдиме правците на образованието за поттикнување и овозможување личен развој на активни и мотивирани граѓани кои ќе можат да придонесат за развојот и напредокот на заедничкото општество. Ги лоциравме клучните предизвици на македонскиот образовен систем, почнувајќи од градинките и училиштата сè до универзитетите и поставивме достижни цели за промена“, рече министерката во заминување, Рената Десковска.

Креирањето на овој документ финансиски го поддржа Европската Унија, а целиот процес беше во соработка со клучните институции и граѓанскиот сектор. Промоцијата се одржа во скопската гимназија „Орце Николов“.

**Стефан Митиќ, ученик во гимназијата „Орце Николов“, Скопје**



# Битолски соученички издадоа заедничка двојазична книга



На 4 мај, двете соученички од прва година во битолската гимназија „Јосип Броз-Тито“, Бесјона Јусуфи и Ангела Пандовска, во Центарот за култура ја промовираа заедничката книга „Различни, а сепак исти“. Книгата е двојазична – на македонски и на албански јазик. Промотор, а воедно и рецензент беше професорката по македонски јазик и литература, Соња Живковиќ-Ѓоргиевска, која истакна дека ова е по многу нешта специфична книга: двете девојки сакаат да припаѓаат на модерното време, без предрасуди, дело во кое има позитивни чувства, а читателот може да ја вкуси приказната за двата различни карактери кои, сепак, имаат нешто заедничко... љубовта.

Обете имаат објавени дела: Бесјона лани ја промовираше збирката поезија и проза „Стиховите ме потсетуваат“, а Ангела е авторка на книгата „Животот на една девојка“.

**Авторка: Марта Миловановска, ученичка во прва година во СОУ „Јосип Броз-Тито“, Битола**



# „Матурска парада 2018“

Точно напладне на 18 мај, матурантите од Скопје, Струга, Охрид, Струмица, Гевгелија и од Куманово танцуваа квадрил на градските плоштади, исто како и нивните соученици-матуранти од 62 града во Босна и Херцеговина, Бугарија, Словачка, Словенија, Србија, Турција, Унгарија, Хрватска и од Црна Гора.

„Матурската парада 2018“ ја организираа Дирекцијата за култура и уметност и танцовиот спортски клуб „Ритам плус“ од Скопје, под покровителство на Град Скопје и Делегацијата на Европската Унија.

Парадата на матурантите почна да се организира во 2001 година во Љубљана, а во Македонија првпат се одржа во 2007 година во Скопје и во Охрид. На настанот учествуваа околу 30.000 матуранти.



Медиум

**Уредници на „Медиум“:** Александра Теменугова, temenugova@vs.edu.mk, 02/30 90 004
**Техничко уредување:** Дејан Јовески **Веб:** Александар Делчевски **Лектура:** Светлана Арсовска
**Маркетинг:** тел. (02) 5511727 **Дистрибуција:** тел: (02) 5511734
**www.medium.edu.mk**; е-адреса: **medium@medium.edu.mk**

Оваа публикација е овозможена со поддршка од Европската Унија во рамките на проектот *Медиумска писменост во ера на наплив на информации: основање Македонска коалиција за медиумска писменост*, што го реализира Високата школа за новинарство и за односи со јавноста заедно со Институтот за различности во медиумите од Лондон, В. Британија, и дневниот весник Нова Македонија. Наведените мислења во оваа публикација се мислења на авторите и не ги одразуваат секогаш мислењата на Европската Унија.

**Проектот е финансиран од Европската Унија**

ФАЦА НА МЕСЕЦОТ

# Успехот следува по напорна работа





За време на медиумската лабораторија во скопската гимназија „Зеф Љуш Марку“, средношколците изразија желба да бидат новинари интервјуирајќи го својот музички идол Арбен (Бени) Шаќири, кој средното образование го завршил во истото училиште.

**Медиум: Како ученик кој завршил во СУГС „Зеф Љуш Марку“, кажете ни нешто повеќе за Вашите средношколски денови?**

**Бени Шаќири:** По директорот, јас бев втор човек во училиштето. Бев претседател на младината и имав свој кабинет за трета и четврта година. Но не се однесував како функционер, туку бев другар со сите. Бев одличен ученик. Редовно бегав од часови, ама тоа не се одрази на успехот.

**Медиум: Дали сте имале проблем со некој професор?**

**Бени Шаќири:** Имав проблем со еден професор кој ми беше класен раководител. Ме натера да се потстрижам три дена пред крајот на школската година. Тоа многу ме погоди, затоа што мене сè можеш да ми земеш, ама коса да ми скратиш - како главата да ми ја кратиш.

**Медиум: Какви планови имавте за Вашата иднина?**

**Бени Шаќири:** Единственото нешто што ме интересирало во животот е музиката. Сум тренирал кошарка рекреативно, но целта ми била да станам музичар. Не знаев како ќе го изведам тоа. Не беше така родителите да ми дадат да снимам албум, туку морав сам да се пробивам. Требаше доста време да почекам, отприлика 13-14 години за да почнам активно да се занимавам со музика.

**Медиум: Дали сте помислиле дека ќе станете познат рок-пејач?**

**Бени Шаќири:** Никогаш. Јас со музика не се бавам за да бидам познат, мене тоа не ме интересира, затоа што јас функционирам во наши, локални рамки. Многу е ниско да глумам ѕвезда на некој во маало што ме познава со години.

**Медиум: Дали сте задоволен од работата што ја работите?**

**Бени Шаќири:** Јас сум најзадоволен од работата, ама и многу напорно работам. Секој петок навечер треба да свирам и да пеам, па утредента да го натоварам камионот, да патувам 200 километри, да го наместам тонот, да свирам од 1 до 4 наутро и во 7-8 часот да се вратам назад. Тоа се 13-14 часа активна работа. Имало времиња кога сум свирел секој ден од неделата, но сега веќе сум истрошен. Затоа викам дека мораш напорно да работиш за да го постигнеш тоа што го сакаш. Мораш да работиш за да имаш успех.

**Медиум: Како настана песната „По навика“?**

**Бени Шаќири:** Текстот не е мој, на Тоше Поп-Симонов е. Добри другари сме и јас ја направив музиката и морав да чекам цели две недели за да се напише текстот. Познавајќи ме, добро ја напиша и ми кажа - тоа си ти. Мислам дека песната е супер, зависи кој како се препознава.

**Медиум: Која Ваша песна имала најголем успех?**

**Бени Шаќири:** Тоа е немерливо, во светот постојат стандарди според тоа колку плочи си продал, колку концерти си направил, колку си присутен во медиумите, но кај нас, практично, не постојат мерила што ти е најуспешно во животот. Ако гледаме по тоа кога свирам во живо што најмногу се бара, тоа се песните „По навика“, „Сам“, „Љубов“...

**Медиум: Со кој рок-пејач би сакал да соработуваш?**

**Бени Шаќири:** Па, со него не можам да соработувам затоа што почина: тоа беше Фреди Меркјури, пејачот на групата „Квин“. За мене тој беше најдобар музичар на 20 век.

**Медиум: Кој е Вашиот најголем настап?**

**Бени Шаќири:** Мојот најголем настап е кога пеев пред Владата. Тогаш имаше над сто илјади луѓе и многу ми е мило што сум дел од историјата. Тоа беше спонтано, никој не ме викна затоа што сум нечиј, тоа место го добив заслужено. Бев таму за народот, на некој начин да ги охрабрам, бидејќи сите бевме за една иста цел.

**Медиум: Кога и како настанал бендот „Нон-стоп“ и зошто токму името „Нон-стоп“?**

**Бени Шаќири:** Бендот се создаде во 1996 г. Морав да најдам име што ќе биде универзално, затоа што замислував дека ќе направам некој напредок надвор од границите на Македонија. Не можеш тука да се викаш „Дивље јагоде“, а таму „Вајлд строуберис“.

**Медиум: Што прави Бени надвор од музиката и во слободното време?**

**Бени Шаќири:** Чувам деца, ја слушам жена ми, чистам по дома, работам во студио одвреме-навреме, онолку колку што имам идеи се обидувам да ги реализирам. Немам време за да одам да гледам фудбал, бидејќи не ме интересира. Не дека не сум играл, ама не ме бива. Пробав да тренирам, ама никогаш не ме земале за натпревари, затоа што сите одеа десно, а јас лево.

**Медиум: Имате ли некоја порака до нас учениците?**

**Бени Шаќири:** Секако дека имам, бидејќи јас сум го поминал вашето време, а вие допрва треба да дојдете до моето. Единственото нешто што може да направите за себеси е да се школувате. Тоа ќе ви биде гаранција за каков било успех во иднина. Многу е битно да учите, да се надградувате, да се образувате, да знаете што повеќе и да бидете чесни луѓе. Со дипломата ќе бидете независни и нема да има потреба да „бацувате“ нечија рака. Можеби сега не ме разбирате, но тоа ќе го сфатите подоцна.

**Канита Ајдини и Ена Ќерими, гимназија „Зеф Љуш Марку“, Скопје**
**Фото: Маја Јаневска-Илиева**





ИЗБРАНИ НАЈДОБРИТЕ МЕДИУМСКИ ПРОИЗВОДИ НА „ИЗРАЗИ СЕ ПРЕКУ МЕДИУМИТЕ“

# Средношколците докажаа дека се медиумски писмена младина




Фото: Маја Јаневска-Илиева

Високата школа за новинарство и за односи со јавноста, во партнерство со Институтот за различности од Лондон и дневниот весник „Нова Македонија“, на 10-ти мај во информативниот центар на ЕУ во Скопје ги додели наградите за најдобрите средношколски медиумски производи добиени на конкурсот „Изрази се преку медиумите“ на тема „Би сакал/а во мојата општина да...“.

**Првата награда** ја освоија група ученици од **СОУ „Митко Пенџуклиски“ од Кратово** за фотосторијата „Сакаме Кратово да биде град со млади“, **втората награда** му припадна на **Стефан Митиќ од гимназијата „Орце Николов“ од Скопје**, кој со својот постер испрати јасна порака дека на Влае му фали кино, а **третата награда** ја доби **Берат Ахметај од ЕТУЦ „Михајло Пупин“ од Скопје** со неговото видео со кое нè потсетува дека безбедноста во сообраќајот е сечија обврска и право.

Преку конкурсот се избраа уште 10 најкреативни медиумски производи, чии автори ќе учествуваат на летниот камп за медиумска писменост што Високата школа за новинарство и за односи со јавноста ќе го организира во јуни во Штип. Тоа се:

**Лазара Стојкова од СОУ „Ванчо Прке“ – Виница (Фотосторија)**
**Кристина Конева од СУГС „Орце Николов“ – Скопје (Фотосторија)**
**Васил Петрушев и Филип Стојановски од СЕПУГС „Васил Антевски-Дрен“ – Скопје (Фотосторија)**
**Димитар Шуклев од СОУ „Јосиф Јосифовски“ – Гевгелија (Фотосторија)**
**Филип Велјановски од СОУ „Крсте П. Мисирков“ – Демир Хисар (Фотосторија)**
**Бојана Исијанин од СОУ „Јосип Броз-Тито“ – Битола (Видео)**
**Харун Салих од ПСУ „Јахја Кемал Колеџ“ – Пласница (Видео)**
**Стефан Жупан од СОУ „Св. Климент Охридски“ – Охрид (Видео)**
**Ивона Марковска и Ана Стефановска од СОУ „Јосип Броз-Тито“ – Битола (Видео)**
**Марија Ѓорѓиева од СОУ „Добри Даскалов“ – Кавадарци (Постер)**

Идејата на конкурсот беше да се поттикне медиумската писменост кај младите, кои на креативен начин ќе покажат дека умеат да ги користат медиумите за да предизвикаат промена во средината во која живеат.

На конкурсот се пријавија педесетина ученици од цела Македонија. Дел од нив имаа и менторска поддршка од нивните професори. Конкурсот е дел од проектот „Медиумска писменост во ера на наплив на информации: Коалиција за медиумска и информациска писменост“, поддржан од Европската Унија.










# „Копнежот на бабите“ - прва награда за СОУ „Митко Пенџуклиски“, Кратово


Баба Ратка - син во Италија


Баба Цвета - внука во Романија


Баба Калина - внука во САД


Баба Славка - внук во САД


Баба Нада - внук во Словенија


Баба Павлина - син во Италија





Стефан Митиќ, втора награда за најдобар постер

„ТЕМА ЗА ДИЛЕМА“

МОН ГО ПРЕСМЕТА ПРОСЕКОТ НА УСПЕХ ВО СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА

# „Орце Николов“ со највисок просек, а тетовското „Гоце Стојчески“ со најнизок



| Општина | Училиште | Сума | Бр. на оценки | Просек |
|---|---|---|---|---|
| Град Скопје | СУГС „Раде Јовчевски-Корчагин“, Скопје | 235.682 | 59.216 | 3,98 |
| Град Скопје | СУГС „Никола Карев“, Скопје | 235.194 | 62.823 | 3,744 |
| Град Скопје | СУГС „Зеф Љуш Марку“, Скопје | 229.455 | 79.446 | 2,888 |
| Град Скопје | СУГС Гимн. „Јосип Броз-Тито“, Скопје | 223.515 | 65.396 | 3,418 |
| Град Скопје | СУГС Гимн. „Орце Николов“, Скопје | 258.424 | 61.796 | 4,182 |
| Град Скопје | СУГС „Панче Арсовски“, Скопје | 78.195 | 24.570 | 3,183 |
| Град Скопје | СУГС „Георги Димитров“, Скопје | 259.428 | 70.421 | 3,684 |
| Град Скопје | СЕПУГС „Васил Антевски-Дрен“, Скопје | 291.312 | 90.161 | 3,231 |
| Град Скопје | СУГС „Цветан Димов“, Скопје | 122.050 | 47.111 | 2,591 |
| Град Скопје | СУГС „Лазар Танев“, Скопје | 62.502 | 26.342 | 2,373 |
| Град Скопје | СЕТУГС „Михајло Пупин“, Скопје | 82.396 | 29.466 | 2,796 |
| Град Скопје | ДСУЛУД „Лазар Личеноски“, Скопје | 46.079 | 12.383 | 3,721 |
| Град Скопје | СМУГС „Д-р Панче Караѓозов“, Скопје | 394.113 | 109.952 | 3,584 |
| Град Скопје | СЕПУГС „Арсени Јовков“, Скопје | 122.457 | 43.940 | 2,787 |
| Град Скопје | СУГС „8 Септември“, Скопје | 21.323 | 9.805 | 2,175 |
| Град Скопје | АСУЦ „Боро Петрушевски“ на ГС Скопје | 98.503 | 39.264 | 2,509 |
| Град Скопје | ДМБУЦ „Илија Николовски-Луј“, Скопје | 97.596 | 25.041 | 3,897 |
| Град Скопје | СУГС „Шаип Јусуф“, Скопје | 23.281 | 8.979 | 2,593 |
| Просек | | 3.686 867 | 1.140 503 | 3,233 |

| Општина | Училиште | Сума | Бр. на оценки | Просек |
|---|---|---|---|---|
| Битола | СОУ Гимн. „Јосип Броз-Тито“, Битола | 162.304 | 41.161 | 3,943 |
| Битола | СОТУ „Ѓорѓи Наумов“, Битола | 93.182 | 34.499 | 2,701 |
| Битола | СОУ „Таки Даскало“, Битола | 91.056 | 32.128 | 2,834 |
| Битола | СОЕУ „Јане Сандански“, Битола | 100.362 | 27.852 | 3,603 |
| Битола | СОЗУ „Кузман Шапкарев“ | 19.760 | 6.341 | 3,116 |
| Битола | ОСМУ „Д-р Јован Калаузи“, Битола | 182.649 | 51.364 | 3,556 |
| Битола | Државно музичко училиште, Битола | 31.498 | 8.822 | 3,57 |
| Просек | | 680.811 | 202.167 | 3,368 |

| Општина | Училиште | Сума | Бр. на оценки | Просек |
|---|---|---|---|---|
| Куманово | СОУ Гимн. „Гоце Делчев“, Куманово | 240.298 | 61.595 | 3,901 |
| Куманово | ССОУ „Киро Бурназ“, Куманово | 68.594 | 26.916 | 2,548 |
| Куманово | СОУ „Перо Наков“, Куманово | 147.688 | 49.224 | 3 |
| Куманово | СТУ „Наце Буѓони“, Куманово | 283.633 | 96.447 | 2,941 |
| Куманово | СОУ Гимн. „Сами Фрашери“, Куманово | 182.170 | 54.981 | 3,313 |
| Просек | | 922.383 | 289.163 | 3,19 |

| Општина | Училиште | Сума | Бр. на оценки | Просек |
|---|---|---|---|---|
| Охрид | ОСУ „Св.Климент Охридски“, Охрид | 182.327 | 46.455 | 3,925 |
| Охрид | ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски“, Охрид | 87.917 | 32.401 | 2,713 |
| Охрид | ОУТУ „Ванчо Питошески“, Охрид | 37.324 | 12.340 | 3,025 |
| Охрид | СОСУ „Св. Кирил и Методиј“, Охрид | 85.881 | 26.212 | 3,276 |
| Просек | | 393.449 | 117.408 | 3,351 |

| Општина | Училиште | Сума | Бр. на оценки | Просек |
|---|---|---|---|---|
| Тетово | СОМ „Никола Штејн“, Тетово | 248.774 | 86.805 | 2,866 |
| Тетово | ОСЕУ „8 Септември“, Тетово | 156.558 | 60.798 | 2,575 |
| Тетово | СОТУ „Ѓоце Стојчески“, Тетово | 84.193 | 40.164 | 2,096 |
| Тетово | СОУ Гимн. „Кирил Пејчиновиќ“, Тетово | 184.146 | 56.097 | 3,283 |
| Тетово | СОСУ „Моша Пијаде“, Тетово | 99.112 | 43.972 | 2,254 |
| Тетово | ДМУ „Тодор Скаловски-Тетоец“, Тетово | 31.341 | 8.554 | 3,664 |
| Тетово | СОУ Гимназија „7 Марси“ | 78.354 | 35.403 | 2,213 |
| Просек | | 882.478 | 331.793 | 2,66 |

Министерството за образование и наука ги сумираше просечните оценки во сите средни училишта во земјава за ланската учебна 2016/2017 година. Според оваа листа на министерството, најдобар просек на оценки има скопската гимназија „Орце Николов“ со 4,18. Следуваат „Р. Ј. Корчагин“ со 3,98, „Никола Карев“ со 3,74, „Георги Димитров“ – 3,68. Гимназијата е петта по успехот според оценките со просек од 3,4. Најнизок просек меѓу скопските училишта имаат СУГС „8 Септември“ со 2,17 и „Лазар Танев“ со 2,37.

На општинско ниво, највисоки оценки има во гевгелиската гимназија „Јосиф Јосифовски“ со просек 3,65, па „Ванчо Прке“ од Виница со 3,52. Секако, има општински училишта со повисок просек, но бидејќи во таа општина има и други училишта, просекот опаѓа. Така е, на пример, со битолската гимназија „Ј. Б.-Тито“, кумановската „Гоце Делчев“, охридската „Св. Климент Охридски“ и сл.

Министерството го пресметува овој просек според оценките во Е-дневник: се собираат сите оценки од секој ученик од прва до четврта година, за секоја паралелка, за секое училиште и се сумира за сите општини. Како недостаток на оваа методологија е што во просекот на училиштата влегуваат и тригодишните програми, најчесто стручните, така што автоматски се намалува сумата на оценки.

Од МОН велат дека оваа листа во иднина посериозно ќе се третира и доработува. Слично на практиката во повеќето европски земји, се планира рангирање на училиштата кое ќе биде јавно (на веб-страницата на МОН) и ќе му послужи како параметар за успех и очекувања на идниот средношколец.

### ОЧЕКУВАНИ И РЕАЛНИ РЕЗУЛТАТИ

Од секторот за средно образование при МОН оваа листа е реален одраз на успехот во училиштата, но дека е далеку под очекувањата. Од министерството велат дека ако имаме ученици кои се запишуваат со сите петки добиени во основното образование, зошто тогаш нивниот успех опаѓа во средно? Досега во МОН нема детална анализа, но искуството вели дека ова се должи на неколку причини. Првенствено се факторот пубертет и промена на средината, како и друштвото, кои значително се одразуваат и на успехот, особено впечатливи во прва година. Но исто така, како причина е и различниот, релативно попопустлив критериум за оценување во основните училишта за разлика од построгите колеги-професори во средните.

### КАКО ДО ПОДОБАР УСПЕХ?

Во МОН велат дека клучното решение е во навремено насочување на ученикот каде да го продолжи секундарното образование.

Битно е јакнењето на улогата на кариерните центри не само во средните, туку и во основните училишта. Неретко се случува ученик кој има афинитет за цртање, без разлика дали е за уметност или за проектирање во градежништвото, под притисок на семејството или општествените норми да се запише на медицина или на менаџмент. Тој ученик нема да биде мотивиран да го даде својот максимум - велат во МОН.



# Сакам образование што ќе направи доблесни луѓе

Кога веќе го имаме проектот „Стратегија за образование“, сакам да им се обратам на одговорните за креирање образовни реформи и развивање образовни политики што поскоро да почнат со промените. Од овие средношколски врати треба да излезат генерации кои ќе бидат подготвени на секакви предизвици, мотивирани да направат некаква промена, но и свесни за случувањата околу нив. Личности кои би знаеле наученото да го применат во секојдневниот живот, применето знаење, а не статистики и факти заборавени по направениот тест. Постојните методи на учење се застарени, но е застарен и начинот на пренесување на знаењето. Потребна ни е интерактивна настава, каде што и ние учениците ќе имаме удел на часовите и ќе бидеме помотивирани за време на наставата.

Од друга страна, пак, занемарувањето на моралните вредности како еден од главните проблеми со кои се соочува општеството е од големо значење и за оформување на нашата личност. Морал, одговорност, карактер, алтруизам, психолошки егоизам, емпатија - се мал дел од поимите со кои ние не сме запознаени. Не се става акцент на основните морални вредности, вредности што ќе нѐ подготват да бидеме вистински луѓе надвор од школските ѕидови. Можеби е потребно да знаеме што е дифракциона решетка или што се алкани, но што е она што ќе нѐ оформи како личност, како отворена индивидуа, која секогаш ќе биде подготвена да помогне.

Образовните институции овозможуваат зголемување на бројот на писмени луѓе, но дали овозможуваат зголемување на бројот на доблесни луѓе?

Во овие средношколски години ние ја доживуваме најголемата преобразба на нашата личност, идентитет, карактер. Во периодот од 15 до 18 години ние разбираме кои сме, какви квалитети имаме, кои ни се можностите за интелектуално надградување, какви амбиции имаме за нашето понатамошно образование. Покрај сето ова, ние сме спречени да се надградуваме и да се трудиме да успееме во она во коешто сме добри. Запрашајте се зошто? Колку од професорите имаат забележано талент или потенцијал кај некој ученик? Што се преземало во врска со тоа? На кој начин ученикот бил поттикнат да се надградува во она во коешто е добар?

Затоа, ги повикувам професорите да ги препознаваат и поттикнуваат талентите кај учениците, бидејќи само на тој начин можеме да донесеме просперитет во општеството.

**Ивона Минчева, ученичка во гимназијата „Орце Николов“, Скопје**





# Матурската вечер - изгубена вредност

Облеката, накитот и шминката или, пак, со еден збор надворешниот изглед денес имаат сѐ поголемо значење во секојдневниот живот на човекот. Тој доаѓа до израз особено на големи прослави како што е матурската вечер. Тоа е тоа време во средното училиште, на крајот на годината, сезона на високоочекуваниот стрес - поттикнување на обредот на премин наречен матурска вечер. Матурската вечер отсекогаш била ноќ полна со спомени, полна со љубов, со солзи, со емоции, со сеќавања на изминатите четири години. Со еден збор, вечер во која секој ученик бил допрен од емоционалната турбуленција. Матурската вечер се карактеризира по начинот на славење. Традиционално, со децении овој настан е етикетиран како луда вечер, каде што се појавуваат последните искри на тинејџерските години. Целта била едноставна, ноќта да биде незаборавна. Околностите не биле битни, факт што ноќта ја правел уште поубава.

Но како што годините поминувале, сето тоа останало во минатото. Матурската вечер ја изгубила вистинската вредност. А како главен фактор што придонесува кон овој феномен е забрзаниот животен стил кој нѐ тера повеќе да се стремиме кон западниот тренд што го носи глобализацијата. Тоа влијае на секој аспект на животниот стил и на менталитетот. Овој нов светски поредок ги зафаќа и најмалите детали од нашиот живот, па тука спаѓа и матурската вечер. Танцувањето се смени со снепови, пеењето со твитови, а горчливо-слатките солзи со статуси кои нудат само илузија на тоа како требало таа волшебна ноќ да биде.

Како што спомнавме, целта оваа вечер да остане во нашите спомени како незаборавна - ја изгуби смислата. Денес, не е важно дали се танцува, сѐ додека сите изгледаат гламурозно, бидејќи целта е да се привлече вниманието. Исто како и на нашиот убав главен град, на матурската вечер ѝ се изгуби она најважното, забавниот дух. Смислата за добра музика. Осетот за добар „денс“. Тоа е тоа што ни фали, тоа е вистинската вредност.

**Ена Ќерими и Канита Ајдини СУГС „Зеф Љуш Марку“, Скопје**



Коалиција за медиумска писменост

# Медиумска лабораторија во „Зеф Љуш Марку“



Фото: Дарко Андоновски

Четириесетина ученици од прва, втора и трета година од гимназијата „Зеф Љуш Марку“ во Скопје учествуваа на 13-та медиумска лабораторија што ја организираа Високата школа за новинарство и за односи со јавноста и весникот „Нова Македонија“ како дел од нивните активности за промоција на медиумската писменост.

За време на неколкучасовното интерактивно предавање учениците се запознаа со основите на новинарската професија, етичките дилеми со кои секојдневно се сретнуваат новинарите, начинот на функционирање на редакцијата во печатен медиум. Учениците се ставија во улога на новинари, испробувајќи се во пишување вести, а се договорија и неколку интервјуа и извештаи кои се дел од ова издание на „Медиум“.

## СОВЕТУВАМЕ:

### Како да бидеш успешен фотограф

Фотографијата важи за еден од најсилните медиуми за испраќање порака. Еве неколку совети како да направиш добра фотографија:

1. Внимавај на композицијата, односно како се поставени елементите во кадарот.
2. Не заборавај дека секоја фотографија треба да има само една главна идеја.
3. Дополнителните елементи мора да ја поддржуваат главната идеја.
4. Користи го правилото на третини. Подели го кадарот на три третини хоризонтално и вертикално и постави го главниот објект во некој од тие делови.
5. Главниот објект не мора да е секогаш поставен централно.
6. Колку е поедноставна и подиректна фотографијата, толку е почиста и појасна пораката што ја пренесува.
7. Фотографирај од агли кои му овозможуваат на гледачот да го види предметот од повеќе страни.
8. Играј со светлото. Тоа може да ти помогне да ги нагласиш објектите или да ги скриеш несаканите елементи.
9. Насочи го вниманието на гледачот кон точката на интерес со користење контраст.
10. Внимавај заднината да не биде пренатрупана и да не содржи елементи кои одземаат внимание.
11. За крај, не заборавај „една слика, илјада збора“.

## СТРИП



Во соработка со Стрип Центар - Велес

Автор: Софронија Шарламанов, СОУ „Јане Сандански“, Струмица

## Камп за медиумска писменост

Високата школа за новинарство и за односи со јавноста во соработка со дневниот весник „Нова Македонија“ и универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип од 11-14 јуни 2018 година ќе организираат средношколски камп за медиумска писменост.

За време на оваа неколкудневна обука 30 средношколци од цела Македонија ќе изработат видео прилози и фото стории со цел да се стекнат со вештини за медиумска продукција и новинарско изразување. Кампот се реализира во рамките на проектот „Коалиција за медиумска писменост“ поддржан од Европската Унија.

## КОНКУРСИ, МОЖНОСТИ, ОБУКИ

### Меѓународен натпревар за есеј за млади

Фондацијата „Гои Пис“ во соработка со УНЕСКО ги поканува сите млади што сакаат да пишуваат да учествуваат на меѓународниот натпревар за есеј за млади со свој есеј на тема „Промената што сакам да ја направам“. Есеите треба да дадат идеи за промени што би сакале да ги направите во вашето училиште, општина, град или држава и конкретни препораки како истите да се спроведат. Есеите може да бидат напишани на англиски, француски, шпански и на германски јазик и треба да имаат најмногу 700 збора, како и да не се претходно објавени. Првопласираниот есеј ќе добие парична награда во износ од 900 долари, второпласираниот 500 долари, а третопласираниот сертификат и награда. Пријавувањето за конкурсот трае до 15 јуни. Повеќе информации на https://www.goi-peace.or.jp/en/work/essay-contest/

### Натпревар за фотографија на „Канон“

„Канон“ ги кани сите млади фотографи да учествуваат со своја фотографија на конкурсот за најдобра фотографија „Њу космос оф фотографи“ (New Cosmos of Photography). Фотографиите мора да бидат оригинални. На конкурсот може да се учествува и индивидуално или во група. За учесниците помлади од 16 години е потребна писмена согласност од родител или старател. Победникот ќе добие производ по желба од „Канон“ и 7.598 евра. Другите автори на најдобрите фотографии ќе добијат парични награди и нивните фотографии ќе бидат дел од овогодишната завршна изложба. Пријавувањето за конкурсот е до 6 јуни. Повеќе информации на http://www.mladiinfo.eu/2018/04/18/canons-new-cosmos-photography-competition-2018/

### Регионален конкурс за најдобар есеј

Платформата за младинска соработка на Западен Балкан ги повикува сите млади на возраст од 16 до 24 години да учествуваат на регионалниот конкурс за есеј на тема „Три причини да останам во мојата држава“. Есеите не треба да имаат повеќе од 1.000 збора и еден автор може да учествува со еден есеј. Комисија ќе избере двајца млади луѓе од секоја држава кои ќе треба да објаснат зошто младите имаат иднина на Балканот и што треба политичарите да преземат. Најдобрите есеи ќе бидат претставени на регионален настан во Тирана. Пријавувањето за конкурсот трае до 25 јуни. Повеќе информации на http://connecting-youth.org/ese.php